Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes AdministrativedheInspektuese

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
НАЦИОНАЛНА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
BIBLIOTEKA NACIONALE DHE UNIVERSITARE "SHËN KLIMENTI I OHRIT"
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 28.05.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 2191/1 | / | |

Архивски знак: Shenja arkivore: ____
Рок на чување: Afati i ruajtjes: ____
____ 20____ година viti ____ Потпис Nënshkrimi

# ЗАПИСНИК

## од извршен вонреден инспекциски надзор

**ИП 1 бр. 57-41**
**Датум 20.05.2024 г.**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, НУ - Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | бул. „Гоце Делчев" бр. 6, Скопје |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ, Скопје |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | |

| Име и презиме: , директор | Телефон / | Е-пошта |
|---|---|---|

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **<u>2. ВОНРЕДЕН</u>** | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 14.05.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 17.05.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.45 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, НУ - Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје **(во натамошниот текст: Библиотека)** | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши | Дејности на библиотеките и архивите (91.01) | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| надзорот | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | бул. „Гоце Делчев“ бр. 6, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Налог ИП 1 бр. 57-41 од 07.05.2024 г., издаден од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на министерството за култура (**во натамошниот текст: СУИН на МК**), за вршење на вонреден инспекциски надзор над работењето на Библиотеката, од аспект на примената на Законот за издавачката дејност, при што надзорот е предвиден со Месечниот план за работа на СУИН на МК за м. мај, 2024 г.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

-Маја Митревска, виш инспектор при СУИН на МК на РСМ.

5) Предмет на инспекцискиот надзор:

-Предмет на вонредниот инспекциски надзор е спроведување на одредбите од **Законот за издавачката дејност** („Сл. весник на РМ“ 199/14 и 152/15), а во врска со наводите од Иницијативата бр. 12-47/1 од 26.04.2024 г., поднесена од ***физичко лице од Охрид,*** како и наводите од Известувањето бр. 09-622/2 од 26.04.2024 г., доставено од Државниот просветен инспекторат, Скопје.

**Основ:** член 17 став (1) и (2) од Законот за издавачката дејност, а во врска со член 82 став (1), од Законот за културата, и член 71 став (2) од Законот за инспекцсики надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

Не се употребени листи за проверка, од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| --- | --- | --- |
| директор | | |

8)За време на извршувањето на вонредниот инспекциски надзор, присутни беа и следните лица:

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Телефон/Е-пошта |
| --- | --- | --- |
| 1. | раководител на Сектор за комплетирање и обработка на библиотечен материјал, Библиографски и Реферален центар, матична дејност и ВБМ Центар | |
| 2. | раководител на матично Одделение | |
| 3. | м-р раководител на Одделение, библиотекар-советник | |
| 4. | одговорна во ИСБН Агенција | |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1.Со Решение на министерот за култура бр. 44-8926/1 од 12.08.2022 г., за директор на Библиотеката е избран со мандат од 4 години.

*Со горецитираната Иницијатива, поднесена на 26.04.2024 г., до Министерството за култура на РСМ, од страна на **физичко лице од Охрид**, се бара да се изврши надзор над работата на Националната и универзитетска библиотека НУБ „Св. Климент Охридски“, Скопје, РСМ, а во врска со дејствија преземени во однос на публикациите „Вовед во информатика“ и „Bazat e informatikes“.*

*Имено, според наводите на подносителот, од страна на Библиотеката, пратен е Допис бр. 11-144/2 од 22.03.2024, со известување дека публикацијата „Вовед во информатиката" со ISBN 9989-57-434-0 и COBISS.MK-ID 65985290 издадена во 2006 г., имала изработен ЦИП запис на 26.06.2006 г., дека автор на истата е како и дека од оваа публикација не бил депониран задолжителен примерок.*

*Притоа, наведува дека при вршени пребарувањата во COBISS базата на ден 28.03.2024 г. се покажало дека НУБ извршила промени кај публикацијата „Вовед во информатика" со 9989-57-434-0 и COBISS.MK-ID 65985290 издадена во 2006 г., на начин што покрај постоечкиот автор, овозможила впишување на двајца нови автори: и односно на веќе објавена публикација во 2006 г., Библиотеката додала нови автори во 2024 година.*

*Според наводите, на овој начин Библиотеката на 25.03.2024 г. и овозможила на да биде впишана како автор/издавач на публикацијата Bazat e informatikes со ISBN 978-608-67202-0-9 и 9989-57-434-0! Од 2006 г. со забелешка ИСБН број дополнително добиен од Агенцијата за ИСБН броеви Библиографија: стр. 247 и COBISS.MK-ID 63334405: за која се тврди дека е издадена во 2006 г., а за тоа не бил изработен ниту ЦИП запис во 2006 г., ниту бил депониран задолжителен примерок.*

*Меѓудругото, бара утврдување и на прекршочна одговорност за непочитување на одредени законски одредби од страна на Библиотеката со оглед на фактот дека задолжителен примерок согласно закон во период од 2006 г. до 2024 г. не бил доставен и од двете публикации.*

При увидот во презентираната документација и евиденција со која располага библиотеката, при инспекцискиот надзор утврдено е следното:

-На 20.03.2024 г., до НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје е доставено Барање бр. 03-240/1 од Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле", за доставување на податоци за публикацијата „Вовед во информатика" во врска со тоа дали во НУБ е депониран задолжителен примерок од наведениот учебник согласно со Законот за задолжителен примерок, кој/кои се автори на учебникот и дали се смета за издаден учебникот доколку не е депониран задолжителен примерок.

Од страна на службените лица во Библиотеката, по извршена проверка во системот COBISS.MK, утврдено било дека за оваа публикација постои само ЦИП - запис со COBISS.MK-ID 65985290, креиран на 26.06.2006 г., додека задолжителен примерок не е доставен од страна на печатницата, а како автор на учебникот, односно публикацијата е запишан

При увидот во документацијата од страна на инспекторот е утврдено дека станува збор за настан од 2006 година, кога во примена во РМ бил **Законот за задолжителен примерок** („Службен весник на РМ“ бр. 11/1994, 92/2008 и 47/2011), **којшто престанал да важи со донесувањето на Законот за издавачката дејност** („Службен весник на РСМ“ бр. 199/14 и 152/15).

Имено, во тој период според изјавата на присутните лица од Библиотеката, од Печатницата (во конкретниот случај „Летра Дизајн“ од Охрид), им бил доставен материјалот за предметната публикација како подготовка за печатење, заради издавање на ЦИП - запис. Библиотеката по приемот на материјалот од Печатницата, односно учебникот издала ЦИП и креирала запис во COBISS системот, но за податокот дали има издание, односно дали е отпечатена публикацијата од авторот Библиотеката нема сознанија, со оглед дека конкретната Печатница не доставила задолжителни примероци од истата, а било нејзина обврска согласно со членот 4 став (1) од тогаш важечкиот Закон за задолжителен примерок.

-Според изјавите на присутните лица од Библиотеката, како и според Дописот бр. 12-42/1 од 26.03.2024 г., од страна на еден од авторите на 25.03.2024 г., на увид на Библиотеката доставен е еден примерок од публикацијата „Bazat e Informatikës“. Притоа од увидот во истата, утврдено е дека за оваа публикација издадена на албански јазик од Библиотеката не е побарано да биде изработен ЦИП - запис, туку во учебникот е отпечатен, односно преземен ЦИП - записот од публикацијата „Вовед во информатиката“ издаден од НУБ во 2006 г., (COBISS.MK-ID 65985290 и ИСБН ознака 9989-57-434-0).

Од причина што за учебникот „Bazat e Informatikës“ на авторите и , од Библиотеката не е побаран ЦИП - запис и не е доделена ИСБН ознака, туку е преземен ЦИП - записот од публикација, односно учебникот „Вовед во информатика“ од истите автори и

истиот е отпечатен на самата публикација, при креирањето на библиографскиот запис во Библиотеката се јавил проблем во врска со ИСБН ознаката.

Имено, според меѓународните стандарди за библиотечно работење односно стандардот COMARC што се користи во системот COBISS, како и според препораките на Меѓународната ИСБН Агенција и на Националната ИСБН агенција, не може да се користи иста ИСБН ознака (во случајов 9989-57-434-0) за двете публикации при што на авторите им било сугерирано да обезбедат ИСБН ознака преку регистрација во Националната ИСБН Агенција.

Врз основа на тоа е направен библиографски запис со COBISS.MK-ID 63334405 и ИСБН ознака 608-67202-0-7. Исто така, од страна на Библиотеката побарано било да се достават уште четири примероци од публикацијата „Bazat e Informatikës" и 5 задолжителни примероци од публикацијата „Вовед во информатиката".

Од страна на универзитетот, по карго пошта биле испратени примероци од двете публикации, додека на 29.03.2024 примероците се евидентирани во Библиотеката, направена е редакција на ЦИП - записот за публикацијата „Вовед во информатиката" во согласност со меѓународните и националните стандарди за библиотечно работење, односно податоците се преземени од самата публикација.

-Оттука, согласно со горенаведеното, не се утврдени неправилности во работењето на Библиотеката, од аспект на примена на одредбите од Законот за издавачката дејност.

Сето горенаведено во записникот се однесува и на констатациите од Записникот ИП 1 бр. 0906/2-166 од 25.04.2024 година, од контролен инспекциски надзор извршен од државниот просветен инспектор, а доставен во прилог на Известувањето бр. 09-622/2 од 26.04.2024 г., од Државниот просветен инспекторат, Скопје, додека во однос на **изнесените сомнежи за наводно плагијаторство**, Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерствотот за култура, нема надлежност да врши инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за авторското право и сродните права („Сл. весник на РМ" бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), додека Министерството за култура врши само управен надзор над колективното управување со авторското право и сродните права.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

11)Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

12)Согласно со член 82 став (4) од ЗИН, примероци од записникот ќе бидат доставени на потпишување до субјектот на надзорот, односно до НУБ – Свети Климент Охридски, Скопје.

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки

Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>директор на НУ-НУБ „Св. Климент Охридски“-Скопје | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>Маја Митревска, виш инспектор | |
| Датум: | ___.05.2024 г. | Датум: | 20.05.2024 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk